ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2

Бр. 02-2947/5
07-04-2023

Врз основа на член 483, 485 и 420 од Законот за трговски друштва и член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 7.4.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2022 година

### Член 1

Нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје по Годишната сметка за 2022 година, во износ од 60.855.368 денари, се распределува на:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Дел за резерви | МКД | 26.872 |
| 2.Дел за дивиденда во бруто износ | МКД | 60.828.496 |
| 2. 1 Дел за распределба на дивиденда во акции сразмерно на акционерите на Банката, преку зголемување на основната главнина по пат на издавање нова емисија акции | МКД | 57.710.000 |
| 2.2 Дел за исплата на дивиденда во паричен износ на поединечни акционери кои според висината на номиналната вредност од една акција и ограничувањата на регулаторните тела не можат да се стекнат со акции од новата емисија акции | МКД | 696.998 |

### Член 2

Расположливата добивка остварена од работењето на ТТК Банка АД Скопје за 2022 година ќе се употреби за исплата на дивиденда во акции, сразмерно, на акционерите на ТТК Банка АД Скопје.

### Член 3

Издадените акции од новата емисија ќе бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по усвојувањето на одлуката од Собранието на акционери на Банката и добивањето одобрение/согласност од регулаторните тела.

Делот за исплата на дивиденда за 2022 година предвиден во точка 2.2од член 1 од оваа одлука, што ќе се исплаќа во пари (на трансакциски сметки на акционерите), ќе биде исплатен по уписот на зголемувањето на основната главница во Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно по уписот на новата емисија акции во Централниот депозитар за хартии од вредност, а најдоцна до 30.9.2023 година.

**Член 4**

Датум на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 5.4.2023 година.

**Член 5**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката, по барање на надлежни институции, да врши соодветни измени и дополнувања на оваа одлука.

**Член 6**

Се овластува Управниот одбор на Банката да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на**
**ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**
**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА АД 2 СКОПЈЕ

__________________________